СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Петото продолжение на осумдесетата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 декември 1997 година

Скопје, декември 1997 година

## V (ПЕТТО) ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 80-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 11. XIII. 1997 ГОДИНА

Дневен ред:

Точка 9,с-1-Предл.за дон.на Зак.за преземање на стечајната маса на ТАТ-Битола-само глас.на заклуч.
Точка 12,с. 10
Точка 13,с. 10 – предлог одлуки...
Точка 14,с. 11
Точка 15,с. 12

1ВИДИМЧЕ КИРЕ – 4
2. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 1 (води седн.)
3. РМАДАНИ ИСМЕТ – 2
4. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР – 5
5. СИМЈАНВСКИ НАУМ – 6
6. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА – 8

-К Р А Ј-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на II декември 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1 со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 80-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Сали Рамадани, Иван Бојков, Маријан Начевски, Игнатие Богнатовски, Теодосие Паунов, Симон Наумовски, Нано Ружин, Димче Настевски, Драгољуб Поповиќ и Владе Давитковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Точката 9 беше Предлог за донесување на закон за преземање на стечајната маса од штедилницата ТАТ од Битола и расправата ја завршивме, а поради недостаток на кворум не го извршивме гласањето по предложениот заклучок.

Бидејќи ја заклучив расправата, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Процедурална интервенција има г-динот Исмет Рамадани.

I/2 пј/вц

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, јас во името на пратеничката група на партијата за демократски просперитет сакам да го искористам правото да соопштам како ќе гласа пратеничката група за Предлогот на нашите колеги од Либерално демократската партија односно предлогот за донесување на закон за преземање на стечајната маса од штедилницата ТАТ. Мислам дека и деловнички го имаме правото во овие пет минути да образложам и како ќе гласаме и зошто така ќе гласаме.

Ние бевме тука и повикани како пратеничка група од еден наш колега, мислам дека беше г-.динот Нано Ружин. Не сакаме да се стекне впечаток дека пратеничката група не беше заинтересирана односно не учествуваше во сите тие дебати кои беа тука во Собранието во врска со штедилницата ТАТ и другите штедилници. Напротив, уште кога беше донесен законот од Владата на Република Македонија односно предложен тука изгласан ние уште тука го дадовме нашиот придонес и тогаш веројатно сите знаеме дека донесовме закон каде што партиципираат и тие што се наш електорат. Веројатно, затоа што низ тој кредит што, еве, се помага, односно треба да им се помогне на штедачите во штедилницата ТАТ односно во Битола.

Исто така мислам дека за респект е и за почитување е предлогот од нашите колеги од ЛДП и тука мислиме со сиот респект требаше а и ќе го кажеме нашиот став, меѓутоа, слушнавме многу дискусии вчера тоа што е ТАТ и штедачите во ТАТ е со висок државен интерес. Ако е така, а веројатно е така затоа што засегнати се пред се нашите колеги пратеници од Битола, што веројатно тие се најзасегнати, а воедно и штедачите од Битола. Меѓутоа, кога неколку пати се рече дека е тоа

државен интерес или висок државен интерес, тогаш мислам дека нашето укажување кога се работи за вакви проблеми, за вакви прашања, треба да се консултираат пратеничките групи во Собранието. Затоа што како народни пратеници најодговорни сме кога едно големо нерасположение постои во еден град или во еден дел на Република Македонија, а во овој случај се работи за штедачите во ТАТ и во некои други штедилници. Треба да ви кажам дека тие претставници од здружението на штедачите беа и во пратеничката група на ПДП и разговаравме со тие луѓе и веројатно добро е тоа што тие видоа дека треба да се разговара и со пратеничката група на ПДП. Навистина, беше добар разговор. Меѓутоа, јас во име на пратеничката група укажувам и повикувам на тоа кога имаме вакви прашања со номинација и со подвлекување дека се со висок државен интерес, мораме како пратенички групи да ги усогласиме ставовите, затоа што имаме и други прашања кои се многу чувствителни и со висок државен интерес. И надворешната политика, и внатрешната политика и односите со соседите и нашата заедничка опција за во Европска Унија и НАТО, а со висок, сакам да го кажам државен интерес. И високото образование односно Тетовскиот универзитет. Ќе каже некој, па зошто токму сега да се искористи ова. Затоа што ако имаме изразена волја на граѓани една третина на граѓани за високо образование на мајчин јазик тогаш е тоа висок државен интерес. Ако за сите овие прашања го имате политичкиот влог на пратеничката група на ПДП за консенсуз и солидарност,а секогаш бевме и ќе бидеме за солидарност и тогаш тогаш дај да ги потцртаме да ги подвлечеме како собрание како пратенички групи сите овие прашања кои имаат висок државен интерес и заедно да почнеме да ги решаваме со консензус и солидарност меѓу себе. Затоа што, ова е, пред се, наша задача, затоа што ние сме пратеници, ние сме тука Собрание.

На крајот ќе завршам со тоа дека во овој случај укажуваме да се донесе односно да се донесе такво решение кое ќе има концензус меѓу пратеничките групи, за да може да се избегне една реченица која вчера беше многу повторувана, политички маркетинг од една партија, од друга партија итн.

На крајот ставот на пратеничката група, земајќи предвид сите овие околности е мора, значи пратеничката група да биде воздржана при гласањето односно да гласа како воздржана.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловничка интервенција г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине претседателе, колеги и пратеници, користејќи го пратеничкото право, би сакал да изнесам дека овој закон е предложен од група пратеници од Битола, не од пратеничката група на ЛДП. Пратеничката група на ЛДП го подржува законот, но предлагачи се група пратеници. Веројатно претходниот дискутант тоа требаше да го знае.

Во ниеден дел од дискусијата никогаш не беше кажано дека овој закон претендира да решава некои високи државни интереси, туку едноставно овој закон има претензија да разреши одредени граѓански права односно да заштити одредена имовина, која постои во штедилницата ТАТ. И евентуални било какви импутирања, на било какви други инсинуации на сето ова се во најмала рака несериозни. Затоа, би замолил да дискутираме за делот кој го третира законот односно интересот на Република Македонија да го заштити имотот на ТАТ кој постои сега колкав толкав, односно да спречиме понатамошен грабеж на имотот.

I/5

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Станковски сака да каже како ќе гласа и зошто така ќе гласа.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, господа пратеници, почитувани министри, јас ќе гласам и ќе го подржам овој предлог на закон за донесување на закон и ќе кажам да од две причини.

Прво, дека со овој предлог на закон се спречува понатамошен грабеж на стечајната маса на штедилницата ТАТ, а воедно ќе гласам за овој предлог затоа што предлагачите на овој предлог на закон моите колеги од ЛДП покажаа голема спремност да прифатат во овој предлог на закон да бидат вклучени и другите штедилници, како што се Македонија Реклам, Лавци и Алфа-С.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали можеме да одиме понатаму.

(може)

Значи, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување закон за преземаше на стечајната маса од штедилницата ТАТ друштво со ограничена одговорност "Битола" од Битола во стечај.

2. Предлагачите Кире Видимче, Слободан Најдовски, Наум Симјановски и Стојан Андов ќе изготват и на Собранието ќе му достават предлог на закон што ќе ги имаат предвид укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се достави до пратениците Кире Видимче, Слободан Најдовски, Наум Симјановски и Стојан Андов, Владата на

I/6

Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

Г-дин Симјановски процедурално.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Го користам своето деловничко право да кажам како ќе го дадам својот глас по однос на предложениот заклучок од страна на претседателот на Собранието на Република Македонија г-дин Тито Петковски. Токму следејќи ја таа процедура во водењето на седници очекував претседателот, прво да го соопшти заклучокот, како однос на заклучокот, да се произнесат како ќе го дадам својот глас.

Инаку, ова право го барам од едноставна причина што во текот на вчерашната седница бев службено отсутен, по што бев во рамките на Парламентарна делегација во посета на Саборот на Република Хрватска, а сум еден од излагачите на овој закон и поради тоа го користам правото, да дадам одредена аргументација зошто го предлагам овој закон и нормално да се искажам како ќе гласам. Имено, пошто имам мноштво аргументи, кои беа водечки во идејата, прво, за подесување на овој закон, а знаеме дека овој закон, мислам истиот текст го предложивме по иста постапка, ова Собрание тој закон не го прифати во таа итна постапка, потоа следеше поведување на онаа редовна "" постапка на предлагање на законот од група пратеници и во таа редовна постапка ова е тој завршеток , мислам ова е крај на таа постапка. Според тоа да не ги повторувам мноштвото дискусии од моите пратеници, јас единствено ќе се задржам на претпоставката овој закон, поготово за донесување на овој закон, единствено по мене е издржан во однос на заклучокот, кој ова законодавно тело на Република Македонија го има донесено да има потреба од донесување на овој закон, на ваков за

осигурување на стечајната маса на штедилницата ТАТ. Како ценам во градбата на правниот систем на државата, ова е единствена легална постапка, заклучоците на највисокото законодавно тело на дело се исполнуваат по што тие се во императив на секој пратеник односно треба да бидат императив на секој пратеник во понатамошното свое делуваше ценам дека тоа е навистина една голема обврска, морална обврска на сите нас пратеници, по што веќе имаме заклучок по оваа проблематика истиот го спроведеме во дело.

По однос на самиот текст, а ние како пратеници, како да кажам стручњаци кои ја обработивме оваа проблематика ценевме од извршната власт од Владата на Република Македонија ќе има одредени сугестии по истиот, кој квалитативно ќе го подобрат истиот и по однос на таа проблематика ќе се развие дискусија во ова Собрание. Но, наместо да дојде една продуктивна дискусија, да се даде еден нормален тек на работите, се доби еден спротивен ефект, извршната власт и пратеничката група на СДС класично да го одбијат овој предлог на закон. Посебно, истакнувам покрај тоа што го одбиваат овој закон тука од оваа говорница се покренаа и одредени прашања се одеше до таму што се изнесоа одредени заклучоци дека овој закон ќе придонесе до рушење на правниот и економскиот систем на Република Македонија што мислам дека нема никаков правен темел за едни вакви дискусии. Според тоа, ценам дека има комплетна оправданост за донесување на овој закон и во целост го подржувам заклучокот што претседателот на Собранието на Република Македонија г-динот Тито Петковски го даде за изјаснување.

Ја користам приликата да реплицирам. Да ја довршам рече-ницата, ценам дека треба да се одговори на колегата од пратеничката група на ПДП кој го искажа своето мислење како истата ќе гласа но исто

така ценам да истакнам дека во целокупноста на постапката за донесуваше на овој закон и по итна постапка и по редовна постапка и во работата на работните тела на Собранието на РМ, тие во секоја таа фаза пратениците од оваа пратеничка група имаа негативен став по ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Благоја Стојковски се јави за збор.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, незнам како ќе гласаат пратениците од СДС јас ќе гласам против ваков заклучок. Не сакам многу причини да наведувам само ќе кажам во вчерашната дискусија на голем број наши колеги и пратеници се изведуваат основните заклучоци, законот не е уставен, всушност ги нарушува уставните начела на нашиот Устав. Не е правичен и еднаков за сите граѓани на Македонија. Ние овде сме пратеници во Парламентот на Македонија. Не сум пратеник на Куманово, сум од Куманово, меѓутоа интересите треба да ги гледаме на сите граѓани. Законот не е за еднаквост на граѓаните и од проста причина во законот не се споменува и другите штедилници, само ТАТ. Ние расправавме и за лавци, ние расправавме и за некое Џамаданче, ние расправавме и за други штедилници. Тоа покажува дека законот не ги опфаќа сите оштетени штедачи, туку опфаќа само локални интереси на едно подрачје.

Второ, ако сакаме да ја прифати Владата стечајната маса, ние имавме многу стечаи во оваа наша држава Македонија и имаме едно вакво барање, зошто стечајната маса на ЧИК на "Киро Фетак" од вкупно 4000 граѓани не беше опфатена и Владата да гарантираше за тоа да не биде тој, капитал, стечајна маса ограбена бидејќи еден од пратениците кажа дека во стечајот навистина се настани и најголеми грабежи, со

што потполно го оправдувам. Бидејќи да имавме и таков лош закон за стечај , сега имаме нов закон за стечај и по тој закон ќе работиме. Не гласам од овие причини, бидејќи законот е од локален интерес и да не кажам, меѓутоа, сигурно сакале или не сакале и ја има и онаа примеса на политички маркетинг.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој сака да кажа како ќе гласа? (не)

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (26 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (16 пратеници гласаа против)

Дали има некој воздржан? (19 пратеници се воздржуваат)

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точката 12. - Предлог на одлука за огласување и именуваше на јавни обвинители на основните јавни обвинителства.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес

Молам кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема )

Дали некој се воздржува од гласа&е? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување и именување на јавни обвинители на основните јавни обвинителства.

Минуваме на точката 13. - Предлог на одлука за огласување и именување на заменици на основните јавни обвинители.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување и именување на заменици на основните јавни обвинители.

Минуваме на точката 14. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

II/3.-

Минуваме на точката 15. - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата Гоце Делчев.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлука.

Молам,кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на одборот за доделување на наградата Гоце Делчев.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 80-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,35 часот)